ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

## ВОВЕД

Почнувајќи од 2002 год., Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ) на секои четири години организира национална конференција. На нив сукцесивно се бележеше раст на учесници од поширокиот регион, поради што неколку беа и со меѓународен уредувачки одбор. Во меѓувреме, ДГМ организираше семинар за Еврокодови 7 и 8 во 2008 год. и XVI Подунавско-европска конференција со Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженерство (ISSMGE), како и семинар за ризици во тунелоградбата во соработка со Меѓународната асоцијација за тунели и подземни конструкции (ITA) во 2018. Во тие пригоди, покрај соодветни предавачи од овие здруженија, гости на ДГМ беа раководствата на ISSMGE и ITA. Воедно, ДГМ е членка и на Меѓународното друштво за механика на карпи и инженерство во карпи (ISRM), со чија поддршка, во периодот 28-30.5.2020 год. во Охрид, град со големо историско и културно значење на брегот на едно од најстарите и најдлабоките тектонски езера во Европа, ќе го организира својот Петти симпозиум. Овој настан воедно ќе претставува и Втора конференција на регионалните геотехнички друштва, чијшто иницијативен одбор ја започна реализацијата со неодамнешното успешно одржување на Првата во Сараево (БиХ).







## ЦЕЛИ

Петтиот симпозиум на ДГМ се организира со цел на членовите на Друштвото и на поширока стручна и научна јавност во земјата и во регионот да им бидат пренесени актуелностите од полето на геотехниката, како и да се изврши размена на сознанијата и искуствата стекнати со примена на лабораториските, теренските, емпириски, теориските, експерименталните, нумеричките и комбинираните методи во решавањето на проблемите од оваа област. Секако, симпозиумов би послужил и како можност за зближување на локалните и регионалните стручни лица, но и со оние од светот. Во таа насока, ДГМ веќе обезбеди неколку реномирани предавачи од ISRM, како проф. Решат Улусај (Турција) – претседател на ISRM, доајенот Ник Бартон (Англија/Норвешка), проф. Ана Марија Фереро (Италија) – доскорешен секретар на групата за имплементација на Еврокод 7 во инженерството на карпи и др.

## ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

Носечка тема на Симпозиумот ќе биде „Инженерски проблеми во меки карпи“, со која ќе бидат опфатени трудови за нив и сродни геолошки материјали што се однесуваат на следните области:

1. Геотехнички аспекти во урбани средини и кај инфраструктурни објекти (брани, патишта, железници, тунели, подземни конструкции, рудници, нуклеарни централи итн.)
2. Лабораториски и теренски геотехнички испитувања и истражувања (ISO CEN, лабораториски опити, in-situ истражувања и испитувања – CPT, дилатометри, геофизички...)
3. Геотехничко моделирање на почви и карпи (нумеричко, физичко, ГИС, BIM, далечинска детекција)
4. Процена и намалување на гео-хазарди (нестабилности на теренот, потпорни конструкции, методи за подобрување, итн.)
5. Еврокодови и релевантна регулатива за геотехниката (техничка регулатива, предизвици во примена на Еврокодови 7 и 8, национални анекси)
6. Земјотресно геотехничко инженерство (влијание на локални услови, сеизмичко реонирање на теренот, ликвифакција, поуки од неодамнешни земјотреси)
7. Геотехника и достигнувања во прилог на одржливо општество (заштита на околина, образование, историски објекти...)
8. Специфични проблеми во меки карпи

## ПОДГОТОВКА НА РЕФЕРАТИТЕ

Од Симпозиумот ќе биде издаден Зборник на трудови прифатени од Научниот одбор. Истите може да бидат напишани на еден од јужнословенските јазици или на англиски, на не повеќе од осум (8) страни. Упатствата за техничката подготовка на трудовите ќе им бидат доставени на авторите на прифатените резимеа. Иако целосните трудови ќе бидат повторно прегледани и прифаќани од Научниот одбор, сепак авторите се лично одговорни за содржината, резултатите што ги презентираат, квалитетот на техничката подготовка и јазичната редакција на текстот. Авторите кои усмено ќе ги излагаат трудовите, ќе треба презентацијата (Power Point или сл.) да ја направат на англиски јазик, додека јазикот на кој ќе се врши излагањето ќе биде по избор на авторот.

## ПОВАЖНИ ДАТУМИ

Заинтересираните учесници може да ги исползуваат следните датуми за:

| Достава на | Датум |
|---|---|
| Резимеа | 31.1.2020 |
| Реферати | 30.3.2020 |
| Корегирани реферати | 27.4.2020 |

| Котизација | Датум | Износ [ден. / €] |
|---|---|---|
| Рана | до 21.2.2020 | 4600 / 75 |
| Навремена | 22.2.-30.4.2020 | 6150 / 100 |
| Доцна | после 01.5.2020 | 7700 / 125 |
| Студенти | | 1500 / 25 |

Со котизацијата се обезбедува учество на настанот, симпозиумски материјал, коктел, кафе-паузи и свечена вечера. Учесниците од Македонија може да ги извршат уплатите за котизација во денарска противвредност на жиро сметка 210-0527506701-51, на „Друштво за геотехника на Македонија“, со назнака „За Петти симпозиум“, даночен број 4030999440577, Тутунска банка – Скопје. За учесниците од странство, уплатата се врши преку NLB Banka AD Skopje, Swift Code TUTN MK 22, IBAN MK07210300000229852. Уплата ќе може да се изврши и преку интернет-страната на ДГМ – www.mag.net.mk.

Резимеата и рефератите може да се доставуваат на mag@gf.ukim.edu.mk. Мислење за нивната адекватност ќе им биде испратено на авторите во рок од две недели.

Покрај работниот дел, ќе биде организирана и посета на културно-историски споменици во градот и околината, пловидба по Охридското езеро, стручна екскурзија, како и други активности од интерес на учесниците, придружните членови и гости.

## СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Симпозиумот ќе се одржи во периодот 28-30.5.2020 год., во хотелот Метропол во Охрид. За учесниците се обезбедени повластени цени за сместување во следните хотели, кои се во непосредна близина:

| Сместување / Хотел | БЕЛВИ | МЕТРОПОЛ | ТУРИСТ |
|---|---|---|---|
| Еднокреветна - ноќевање со појадок [€] | 46 | 48 | 37 |
| Еднокреветна - полупансион [€] | 49 | 51 | 40 |
| Еднокреветна - полн пансион [€] | 53 | 55 | 45 |
| Двокреветна - ноќевање со појадок [€] | 32 | 34 | 27 |
| Двокреветна - полупансион [€] | 35 | 37 | 30 |
| Двокреветна - полн пансион [€] | 39 | 41 | 35 |

Доколку се оствари само едно ноќевање, тогаш се врши доплата од 5 €.

Појадокот е во хотелот од сместувањето, а евентуалните останати еден/два оброка – во х. Метропол.

Резервација на хотелското сместување треба да се изврши навремено на еден од следните контакти:

Хотели Метропол А.Д. Охрид sales@metropol-ohrid.com.mk www.metropol-ohrid.com.mk

тел.: +389 46 203 001 факс: +389 46 277 212



## ПОЧЕСЕН ОДБОР

Решат Улусај – претседател на ISRM, Војкан Јовичиќ – потпретседател на ISRM, Иван Вркљан – поранешен потпретседател на ISRM, Хајнц Брандл – поранешен потпретседател на ISSMGE, Ахмет Сагламер – почесен член на ДГМ, Хусамедин Целадин – заслужен член на ДГМ, Златко Србиноски – Градежен факултет, Влатко Шешов – ИЗИИС, Андреа Серафимовски – ГРАНИТ, Златан Ѓуриќ – STRABAG

## НАУЧЕН ОДБОР

Слободан Ќориќ – претседател, Ненад Шушиќ, Мира Вукиќевиќ, Драгослав Ракиќ, Зоран බониќ (Србија); Спасен Ѓорѓевски, Љупчо Петковски, Јосиф Јосифовски, Игор Пешевски, Виолета Мирчевска, Кемал Едип, Златко Илијоски, Јован Бр. Папиќ, Ацо Велевски (Македонија); Мато Уљаревиќ, Азра Шпаго, Сабид Зекан (БиХ); Игор Соколиќ, Лео Матешиќ, Предраг Мишчевиќ, Крунослав Минажек (Хрватска); Мојца Равникар Турк, Јанко Логар, Матеј Мачек (Словенија); Слободан Живаљевиќ (Црна Гора); Андреј Тоцев (Бугарија); Дитмар Адам, Вулф Шуберт (Австрија); Љуљета Бозо (Албанија); Нориказу Шимицу (Јапонија); Мишко Чубриновски (Нов Зеланд); Ернест Олиник (Романија); Озер Чиницioглу (Турција); Слободан Мицковски (Шкотска)

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

Јован Бр. Папиќ, Драган Димитриевски, Игор Пешевски, Милорад Јовановски, Јосиф Јосифовски, Бојан Сусинов, Кемал Едип, Борис Богоевски, Бојан Јаневски, Елена Ангелова, Васе Витанов, Стојанче Николов, Стевчо Митовски, Златко Зафировски, Кирил Лазаров, Дарко Наков

## МАРКЕТИНШКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на предвидената програма, учесниците или фирмите може да ги презентираат своите активности или производи преку изложба на рекламен штанд или друг вид на спонзорство. Пакетите се дадени во следната табела, по однос на кои заинтересираните субјекти може да се обратат на lidijab@gf.ukim.edu.mk.

| PACKAGES AND RATES | P R E M I U M | | | | | | | | | | | SUPPORTER | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Diamond | Platinum | Gold | Silver | Bronze | Welcome reception | Gala Dinner | Lunch (up to 3) | Coffee break (up to 4) | Renting a stand (up to 8) | | Ballpoint (up to 3) | Scratchpad (up to 2) | Key Strap | Advertising supplement (up to 4) |
| Appropriate stand at coffee-break stations | √ | | | | | | | | | | | | | | |
| Company logo on the screen during the event | √ | √ | | | | | | | | | | | | | |
| Company logo on banners | √ | √ | √ | | | | | | | | | | | | |
| Appropriate company logo on the MAG's web-page | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | √ |
| Individual page in the detalied program | √ | √ | √ | | | | | | | | | | | | |
| Appropriate company logo in the detailed program | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | | | | |
| Registration fee exemption | 4 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | | 1 | | | | | |
| Gala Dinner tickets | 4 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 | | 1 | | | | | |
| Advertisement at the Gala Dinner | | | | | | | √ | | | | | | | | |
| Advertisement at lunch/coffee break stations | | | | | | | | √ | √ | | | | | | |
| Company logo on ballpoint (prepared by company) | | | | | | | | | | | | √ | | | |
| Company logo on scratchpad (prepared by company) | | | | | | | | | | | | | √ | | |
| Company logo on the key strap (prepared by company) | | | | | | | | | | | | | | √ | |
| Individual advertising supplement in the bags | | | | | | | | | | | | | | | √ |
| | € 2500 | € 2000 – 2499 | € 1000 – 1999 | € 500 – 999 | € 200 – 499 | € 1000 | € 2000 | € 1500 | € 300 | € 350 (for 3 days) | | € 100 | € 150 | € 150 | € 50 |
| Choice | | | | | | | | | | | | | | | |

## КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

За технички и организациски прашања во врска со Симпозиумот, учесниците можат да се информираат од:


mag@gf.ukim.edu.mk mag@mag.net.mk www.mag.net.mk

тел.: +389 2 3116 066 / лок.157 & 239 факс: +389 2 3 11 88 34

Градежен факултет – Скопје, бул.Партизански одреди бр.24, 1000 Скопје


ДГМ MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS